ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:35-220/5

Дата: 09.03.2012

ДО
УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

## Резиме на резултатите

Нашата ревизија претставува извршена активност планирана со Годишната програма на ДЗР за 2011 година.
Ова известување претставува наше мислење по извршена ревизија на успешност која се однесуваше на областа поврзана со безбедносните аспекти и услови за престој во КПУ и ВПУ во РМ. Со ревизијата се насочивме првенствено кон активностите од областа кои се во надлежност на повеќе институции и тоа: Управата за извршување на санкции, КПУ, Центри за социјална работа, Народен правобранител на РМ, односно кон институции кои имаат делокруг на работа поврзан со предметот на ревизијата.
Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка на откриените ризици и можности за подобрување на затворските услови, односно услови за престој во установите – регулирано со соодветна законска регулатива. Во таа насока со нашата ревизија се фокусиравме на откриени ризици и ризични области во деловите на: законска и подзаконска регулатива од областа, стратешките документи, затворските услови со неправилности и проблеми кои се рефлектираат и понатаму во финансирањето на установите; кадровската екипираност со сите слабости во интерните акти на установите, како и основната функција на установите за спроведување на ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата.
Состојбите кои се прикажани во овој Конечен извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица во областа на кои се и наменети, треба да ги спроведат. Периодот кој беше опфатен со нашата ревизија е 2008– 2010 година и 2011 година од аспект на превземени активности од страна на надлежните институции чии ефекти се очекуваат во идните периоди.
Со извршените прелиминарни истражувања дефиниравме повеќе подрачја споменати погоре кои беа предмет на нашата ревизија и од кои произлегоа

значајни ризици во областа, беа формирани заклучоци и дадено ревизорско мислење.
На ден 23.12.2011 година во просториите на Управата за извршување на санкции одржана е завршна средба од страна на ДЗР со цел запознавање на директорот на УИС со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија.

Нашата ревизија беше насочена кон повеќе откриени ризици кај споменатите области кои генерално се однесуваа на давање одговор на следното прашање:

**“Дали усогласувањето на националната регулатива со меѓународните стандарди и реформата на затворскиот систем влијаат на подобрување на затворските услови во КПУи ВПУ- Установите во РМ?“**

Активностите за подобрување на затворските услови во голема мера се условени и зависат од креирање, воспоставување и исполнување на повеќе компоненти и услови кои заеднички придонесуваат кон нивното подобрување. Со ревизијата се покажа дека подобрувањето на квалитетот на затворските услови не зависи и не може да биде остварено единствено со усогласувањето на националната регулатива со меѓународните стандарди и воведување на реформа во затворскиот систем. Утврдивме дека постојат повеќе аспекти кај кои треба да се преземат активности од надлежните институции заради целосно градење на затворски систем со цел намалување на ризиците кои областите ги покажаа. Со отсуство или делумно функционирање на овие услови, усогласувањето на националната регулатива со меѓународните стандарди и реформа во затворскиот систем би овозможило осудените лица да добијат подобрувања во смисла на нови или реновирани објекти-затвори, и нови акти во установите за престој на лицата во притвор и лицата кои издржуваат казна затвор, но во опкружување кое носи ризици. Со нашата ревизија утврдивме повеќе неправилности, неусогласености, недоречености, незаконитости и ризици, но и позитивности во смисла на превземени активности од страна на Управата за извршување на санкции во неколку подрачја од областа предмет на ревизија, при што ефекти од истите се очекуваат во наредниот период.

Заради подобрување на утврдените состојби, неправилности, неусогласености, недоречености, незаконитости, ризици и други прашања, дефиниравме препораки кои се резултат на спроведената ревизија и се дадени во функција на подобрување на затворските услови во насока на преземање на конкретни активности од страна на сите чинители вклучени во подобрување на затворските услови. Истите препораки се и наша додадена вредност од нашата ревизија а се однесуваат на: министерот на Министерството за правда на РМ и неговите надлежности, УИС како и на одговорните лица на установите во РМ. Препораките се дадени за подрачјата за кои откривме дека се потребни одредени измени и зајакнувања и тоа: спроведување на анализа на реалните состојби на Управата и на установите секоја година како основ за изготвување на Стратешки план на Управата при што

ќе се обезбеди конзистентност помеѓу стратешките цели на Управата и реалните потреби на установите, преземање на активности за усогласување на законските и подзаконските одредби и решенија кои се однесуваат на безбедносниот аспект-спроводи, утврдување на единствени пишани процедури за воедначен пристап на установите за покривање на трошоците за извршени спроводи на осудени и притворени лица, кадровска доекипираност и разграничување на должностите на вработените, подобрување на просторните капацитети за сместување на осудените лица и реализација на започнатите инвестициски активности на УИС со доследна примена на стандардите кои обезбедуваат хумани и пристојни услови за живеење и работа на оваа категорија лица лишени од слобода, креирање на јасни, прецизни, квалитетни критериуми за финансирање според кои ќе се врши избор на капитални инвестиции, критериуми според кои ќе се утврди надоместокот за работно ангажирање на осудените лица внатре и надвор од установите, изнаоѓање на соодветен и прифатлив модел, начин на трансформација на стопанските единици, екипиран стручен персонал и соодветни системски обуки во секторите за ресоцијализација, формирање на единствен опсервационен центар за прием во рамките на сегашните можности и сместувачки капацитети да се врши подвојувања на осудениците, зајакнување на институционалната соработка помеѓу установите и центрите за социјална работа др.

Затоа укажуваме дека дадените препораки се од особена важност за сите релевантни фактори во областа ако се има предвид интересот на јавноста и улогата на сите клучни институции вклучени во областа предмет на ревизија.

Целокупниот опфат како и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да го изразиме следното мислење:

Со ревизијата утврдивме дека во периодот 2008 – 2010 година, областа затворски услови, односно услови за престој во установите во РМ е усогласена со меѓународните стандарди но се соочува со бројни неправилности кои значително имаат влијание на условите за престој и ресоцијализацијата и социјалната адаптација на осудените лица во РМ. Овој заклучок се темели на повеќе факти:

**I Проблематично подрачје – Законска регулатива, подзаконски акти, стратешки план на Управата:**

- Отсуството на Анализа на состојбите во Управата и во КПУ и ВПУ - установите на годишно ниво укажува на отсуство на конзистентност помеѓу стратешките приоритети и цели на Управата со реалните цели и потреби на установите, преку долгиот временски период на донесување на подзаконските акти 2006-2010 година, како и неусогласеност на одредби од законската регулатива, односно активноста спроводи на осудени и притворени лица и трошоци за истите се дефинирани во два закона што е и причина да установите имаат невоедначен пристап во покривање на



*Ревизорска екипа:* *Овластен државен ревизор*

1. ____ 5. ____
2. ____ 6. ____
3. ____ 7. ____
4. ____ 8. ____

трошоците за споменатата активност кои досега биле на товар на буџетите на установите.

**II Проблематично подрачје – Затворски услови:**

- безбедносни аспекти – најзначајните ризици во оваа област се недоволната кадровска екипираност на Секторите за обезбедување и состојбите со опрема за видео надзор и следење – отсуство на анализи, критериуми за опрема за надзор и следење на ниво на Управа предизвикува тешкотии во утврдување на приоритети за распределба на средства за истата, во установите не е уреден начинот на одржување на опремата во услови на посериозни дефекти поради недоволно расположливи средства, одржувањето најчесто го вршат лица кои се вработени во установите и др.
- недоволна кадровска екипираност- укажува на следните ризици: воспоставена пракса на вработувања на лица во Сектор за обезбедување кои се постари од 25 години, што не се поистоветува со одредбата од ЗИС која предвидува вработувања на лица кои не се постари од 25 години, недоволната кадровска екипираност со недоволно разграничување на должностите упатува на ризик од квалитетно и навремено извршување на работните задачи, КПД Идризово и Затвор Скопје немаат јасно прецизирани посебни услови за систематизираните работни места за секторите за обезбедување и ресоцијализација што упатува на ризик од прием на кадар кој нема да биде квалификуван да одговори на задачите кои се очекуваат од истите.
- финансирање на установите – најзначајните ризици во оваа област се: КПУ немаат извршено трансформација на стопанските единици и целокупното работење на стопанските единици се одвива преку сметки во деловните банки, за кои МФ, сектор Трезор не е во можност да врши контрола на сите приливи и одливи на средствата, детални критериуми за начинот на утврдување на надоместоците за работно ангажирање на осудените лица внатре и надвор од установите во услови на отсуство на јасни и прецизни критериуми за начинот на распределба на средствата од Програмите за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти по години, при што се доведува во прашање објективниот избор на приоритетните инвестициони активности.
- пренатрупаност на сместувачките капацитети – при увидите утврдивме пренатрупаност во установите во однос на расположливиот капацитет, особено во КПД Идризово, одредени установи немаат обезбедено основни услови за здравствена заштита – просторија, отсуствуваат пишани процедури и упатства за здравствена заштита што укажува на ризик од давање на соодветна здравствена заштита, исто така утврдивме дека установите кои беа посетени во тек на ревизијата освен КПД Идризово, немаат овластувања од МЗ на РМ за издавање на метадонска терапија за

зависници. Неправилности се утврдени и во делот на исхраната. Имено, во установите менито за храна се изготвува од страна на комисија, но во истата отсуствува присуство на осудено лице како што е предвидено во акт на Управата.

**III Проблематично подрачје – Ресоцијализација и социјална адаптација**

- Ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица – Со ревизијата ги утврдивме следните состојби: недостаток на стручен персонал и соодветни системски обуки, во секоја установа се води различна постапка за прием во зависност од профилот на стручните лица кои ја исполнуваат оваа задача, со примена на неразработени критериуми и нестандардизирани методи за дијагноза и прогноза на осудените лица, мал број на работно ангажирани осудени лица, недостаток на курсеви за обука по занимања, не спроведување на поголем дел на програмите за образование, мешање во исти простории на осудените лица од различни возрасти како и на осудени лица со различни дела, алтернативните мерки не се применуваат во пракса.

  Во тек на ревизијата од разговори со одговорни лица од Управата како и документација доставена до ревизијата, се стекнавме со сознанија дека во периодот на 2011 година Управата за извршување на санкции преземала активности по однос на повеќе прашања кои се опфатени со ревизијата, но ефектите од превземените активности се очекуваат во нареден период. Од активностите превземени од страна на УИС ги издвојуваме следните :

- Стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор (2010-2012) – истата беше ревидирана во поглед на степен на реализација на акциониот план содржан во истата како и постигнати резултати од Стратегијата;
- Изработка на стратешки документ Национална стратегија за развој на затворскиот систем во РМ;
- Стандардни оперативни процедури за постапување при прием на осудени лица;
- 8 стандардизирани програми за специфични третмански групи,
- Извршено е подобрување на легислативата за извршување на санкции особено значајно за процесот на ресоцијализација;
- Направена е анализа на проверка на знаења на вработените, формирани се групи за понатамошна обука, и други активности;

  Сите споменати а превземени активности упатуваат на заклучок дека во период на 2011 година извршени со многу активности, подготовки на стратешки документи, воведување на процедури и друго што значи и напредок во надминување на неправилности, незаконитости, ризици и други прашања кои се утврдени со нашата извршена ревизија на успешност.



*Ревизорска екипа:* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________ *5.* ____________ ____________________
*2.* ____________ *6.* ____________
*3.* ____________ *7.* ____________
*4.* ____________ *8.* ____________